
СОВЕТ НА ОП
MUNICIPAL CO


ШТИП
ASTIBO
ОПШТИНА ШТИП
ДОДЕЛУВА
ПРИЗНАНИЕ 8 НОЕМВРИ
ЗА 2016
НА
ДУО ГРАЦИОЗО
(д-р Невенка Дуковска и м-р Кристина Палија)
за даден придонес во промовирањето и афирмирањето на Штип и културата воопшто преку концерти и настапи во и надвор од Република Македонија
Општина Штип
градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев
Штип, 8. ноември 2016

# Штипски Мозаик

гласник на општина Штип

Год VI / Број 63 / Ноември - Декември 2016

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК



8 НОЕМВРИ 2016

# НА СВЕЧЕНА СЕДНИЦА, ВРАЧЕНА НАГРАДАТА НА ЈП „ИСАР“

Штип го одбележа Денот на ослободувањето, 8.ноември 2016. Прославата започна со полагање на цвеќе на споменикот на револуцијата на Исар а во 11 часот се оддржа свечената седница на кои беа доделени традиционалните награди и признанија:



*- Слободата на Штип е натопена со крв на многу луѓе кои ги дадоа своите животи, од стреланите во Драгоево, Судиќ, Селце и Долани па се до револуционерите кои загинаа во ослободување на овој град. Штип дал многу животи за денешната слобода и таа е испишана со имињата на хероите во нашата револуционерна борба. По 3.5 години како градоначалник, задоволен сум од она што го оставам зад себе, бидејќи сфатив дека треба да се работи од првиот ден. И затоа зад мене и мојот тим стојат над 400 реализирани проекти, над 120 асфалтирани улици, уредено корито на река Отиња, комплетна инфраструктура за селата од Лакавичкиот, Плачковичкиот и Овчеполскиот регион, успешно реализирани културни манифестации, обнова на спортски терени и стотина реализирани проекти на јавните претпријатија. Секако, голема поддршка имавме од Владата, од Министерството за локална самоуправа, од ЈП за државни патишта, Бирото за рамномерен развој, како и од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и рурланиот развој. Се работеше деноноќно, без престан и знам дека луѓето многу добро препознаа со каков ентузијазам го обновуваме и градиме градот и со каква несебичност се вложивме во секој проект. Иако изминатите години се соочувавме со многу отпори и сопки, сепак го исполнивме она што го ветивме* - кажа во своето излагање градоначалникот на Штип, прим.м-р Илчо Захариев.



Годинава, добитник на наградата 8.ноември е ЈП „Исар“ за сиот ангажман во изминатите 4 години. Во овој период реализирана е обнова на бањата Кежовица, во тек е обнова на тушевите, успешно остварување на проектот за уредување на корито на река Отиња, сочувување на градската чистота и беспрекорно градот е снабден со вода за пиење.

Носители на признанијата се службата за итна медицинска помош, приватната компанија „Семак фешан“ која наскоро ќе ја отвори новата фабрика во Штип, НУ-УБ „Гоце Делчев“ која одбележува 70 години постоење и на дуото „Грациозо“ составено од д-р Невенка Дуковска и м-р Кристина Палија.

Во своето обраќање, претседателот на Советот, д-р Влатко Миташев укажа на потребата од заедништво во овие пресудни мигови за земјата, а потсетувањето на денот на ослободувањето треба да биде патоказ за сите генерации, дека да се биде Македонец е чест и гордост и тоа треба достоинствено да се брани и чува.

Попладнето беше отворена и традиционалната изложба на ДЛУШ во фоајето на НУЦК „Ацо Шопов“ а одбележувањето заврши со промовирањето на новите доктори на науки на Митровденските средби во НУУБ „Гоце Делчев'.

Д.Р.






08.11.2016 - Осмоноемвриски
награди на гр. ШТИП


08.11.2016 - Осмоноемвриски
награди на гр. ШТИП